# Проф. д-р Ленче Милошева учествуваше на работилница на EUA-CDE

- Јан 21, 2019

http://life.ugd.edu.mk/index.php/nauka-life/item/1858-prof-dr-lence-miloseva-na-rabotilnica-na-eua-cde

https://eua.eu/events/30-2019-eua-cde-thematic-workshop.html



Проф. д-р Ленче Милошева, советник на ректорот на УГД за наука и научна соработка, од 16 до 19 јануари годинава престојуваше на тематски воркшоп во Амстердам, Холандија.

Ова учество доаѓа како резултат од зачленувањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Европскиот совет за докторско образование (EUA-CDE) во јуни 2018 година во Љубљана.

Проф. д-р Милошева на Vrije Universiteit Amsterdam како претставник на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и претставник од Македонија, а во организација на Европската асоцијација на универзитети и Советот за докторско образование (EUA-CDE) учествуваше на тематскиот воркшоп со фокус на меѓуинституционалната научна соработка.

*- Како учесници рефлектиравме разни искуства како универзитетите со различни цели и ниво на развој можат да имаат бенефит од различни форми на соработка. Ова се однесува на научна соработка помеѓу универзитетите, како и соработка со други институции кои спроведуваат научни истражувања на локално, национално и интернационално ниво. Беа изнесени различни искуства и модели на научна соработка и беа понудени нови можности за соработка помеѓу членовите на EUA-CDE - изјави проф. д-р Ленче Милошева.*

*Последен пат изменето на Понеделник, 21 Јануари 2019 11:10*

Одбележен под # nauka,